ОПШТИНА КРУШЕВО
НЕДЕЛЕН ИНФОРМАТОР
за активностите на локалната самоуправа

***Понеделник***
***20.01.2020***



## Општината аплицира за изградба на канализација во Пресил

На иницијатива на градоначалникот на општина Крушево Томе Христоски Советот на општина Крушево донесе одлука со која дава согласност општината да аплицира до Министерството за транспорт и врски, проект „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, преостанати средства од заемот од Европска инвестициона банка, за изградба на канализација во населено место Пресил.

„Во тек е изградба на фекална канализација во с. Норово, а општината изработува проекти за канализации во 8 населени места. Основниот проект за Пресил е готов и веднаш ќе аплицираме за средства до Министерството за транспорт и врски. Очекуваме да добиеме средства и веднаш да почнеме да работиме на канализацијата во Пресил, а во иднина да продолжиме со имплементација на вакви и слични проекти и во другите населени места, со поддршка на централната власт“, изјави градоначалникот на општина Крушево Томе Христоски.

Линк до објава: http://krusevo.gov.mk/?p=10545

*Среда*
***22.01.2020***



## Опремување на ЈП „Комуна“ – реализирани проекти во 2019

Во 2019 година општина Крушево набави и стави во употреба неколку комунални возила во функција на подобрување на капацитетите на ЈКП „Комуна“.

Во 2019 година во употреба беше ставен новиот камион за отпад, а општината обезбеди донации на ровокопач и трактор со плуг за снег и соларка.

Но, општината продолжува да го опремува јавното комунално претпријатие во насока на подобрување на услугата кон граѓаните, одржување на јавната хигиена, зимско одржување на улиците и друго.

Покрај наведените проекти општината обезбеди 400 корпи за отпад и 7 контејнери, а во тек е набавка на камион за чистење и метење – метларка, 21 контејнер и косилка.

*Овој напис е дел од серијата објави за реализирани проекти и активности на општина Крушево во 2019 година

Линк до реализирани проекти: http://krusevo.gov.mk/?p=10455

Линк до објавата: http://krusevo.gov.mk/?p=10558



## Со проект од Алда општината изработи стратегија за млади – Граѓански организиации во служба на локалната демократија

Градоначалникот на општина Крушево Томе Христоски На 22.01.2020 присуствуваше на завршната конференција на организацијата АЛДА под наслов „Граѓанските организации во служба на локалната демократија“.

Градоначалникот Христоски зборуваше за соработката со невладиниот сектор во Крушево, а особено се осврна на веќе имплементираниот проект за изработка на Стратегија за млади со организацијата на млади „Совет на млади“ Прилеп.

Општина Крушево е прва општина во државата која изработи Локална младинска стратегија со вклучување на млади, граѓански организации, претставници од институции и партиски подмладоци, а по изработката се состави и функционира т.н. „ко-менаџмент“ тело за следење на имплементацијата на стратегијата. За изработката на стратегијата општината и Совет на млади Прилеп аплицираа за средства до АЛДА.

Линк до објава: http://krusevo.gov.mk/?p=10567

***Петок***
***24.01.2020***



## 12-ти роденден на дневниот центар за деца и младинци со посебни потреби

Во Дневниот центар за деца и младинци со посебни потреби во Крушево денес (24.01.2020) се одбележа 12-годишното постоењето на институцијата. На одбележувањето присуствуваше советничката во Советот на општина Крушево Евгенија Јуца, претставници од локалната самоуправа, како и Лајонс клубот од Крушево и млади од општинската организација на Црвен Крст во Крушево.

Општината, Лајонс клубот и Црвен Крст се долгогодишни поддржувачи на Дневниот центар и затоа денешниот ден беше одбележан заеднички.

Општина Крушево организира многу активности заедно со Центарот, а на подарувањето на пакетчиња по повод православна Нова година градоначалникот на општина Крушево Томе Христоски порача дека локалната самоуправа ќе продолжи да го поддржува центарот.

Линк до објава:
http://krusevo.gov.mk/?p=10581&fbclid=IwAR1vmEZshjlAkNJkgeaJGkgCFtL4vYcqbYBHgMIRlaKl6sIBL3oPo2d6_is

ОПШТИНА КРУШЕВО
НЕДЕЛЕН ИНФОРМАТОР
за активностите на локалната самоуправа

*Сабота*
*25.01.2020*



## Годинава Тоше ќе добие достојно спомен обележје, одбележан денот на неговото раѓање

Крушево одбележа уште еден роденден на Тоше Проески со полагање на свежо цвеќе на гробот на пејачот и пригодна програма во спомен куќата „Тодор Проески“.

На свечената манифестација се обрати претседателот на советот на општина Крушево Тома Петроски кој порача дека оваа година конечно ќе биде изградено вечното почивалиште на Тоше Проески.

„Никогаш нема да направиме доволно за да се оддолжиме за се она што тој го направи за нас. Во оваа прилика сакам да истакнам дека кон средината на оваа година Тоше конечно ќе го добие своето спомен обележје кое ќе биде достојно на неговиот лик и дело. Наша заложба е никогаш да не престанеме да си спомнуваме и да се сеќаваме на него“, рече претседателот на советот.

На настанот се обрати и директорката на спомен куќата Елена Мирчевска која додели благодарници на сите кои учествуваа во организацијата, а потоа со музички и рецитаторски точки се претставија учениците од ООУ „Никола Карев“ и СОУ „Наум Наумовски Борче“. Општина Крушево додели две парични награди за најубавите песни за Тоше.

Покрај овие содржини се одржаа неколку изложби и настанот заврши со настап на Сара Ристеска, поранешен учесник на детска евровизија, и Уникат бенд од Битола.

Настанот се одвиваше под слоганот „Тоше има само датум на раѓање“

ОПШТИНА КРУШЕВО
БИДИ ДЕЛ ОД РЕШЕНИЕТО! ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ
Никола Ѓурковиќ 16а
Крушево
www.krusevo.gov.mk
mail: opstinakrusevo@krusevo.gov.mk
tel. ++389 48 477 061